**Република Македонија**

**Бр. _________**

**___________ Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот:
Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Мислење од Секретаријатот за законодавство
- Образец за фискални импликации
- Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка (на англиски и превод на македонски јазик)

| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје, .2010 година | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА<br>И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески<br>______________________ |
|---|---|

Подготвил: Наташа Лазаровска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација

Скопје, мај 2010

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. _________
___________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација што го утврди на седница ______________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Проектот за катастар на недвижности и регистрација финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка во износ од 10.3 милиони евра завршува во декември 2010 година. Бидејки истиот е оценет од страна на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка како најдобар во регионот во однос на степен на реализација на планираните активности и ефектите кои се постигнати со истиот, Владата на Република Македонија изрази интерес за добивање на нов заем од банката со цел продолжување на започнатите активности. На 29.09.2009 година, Министерството за финансии врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија од седницата одржана на 15.09.2009 година се обрати до банката со барање за обезбедување на заем за финансирање на втората фаза од Проект за катастар на недвижности и регистрација како дополнително финансирање на тековниот проект.

Овој заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка ќе и биде доделен на Република Македонија во износ од 9 милиони ЕВРА како дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација.

Преговорите со претставниците на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка за склучување на Договор за заем по однос на овој проект се одржаа на 9-ти и 10-ти март 2010 година, во Канцеларијата на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка во Скопје.

Проектот се состои од следните компоненти :

Дел А: Завршување на катастарот на недвижности и на запишувањето на правата

Со ова дополнително финансирање нема да се преземаат активности во рамките на оваа компонента, бидејќи истите се реализирани во рамките на тековниот Проект за катастар на недвижности и регистрација .

Дел Б: Институционален развој и подобрување на извршувањето на услугите

Со оваа компонента ќе се обезбеди институционален развој и градење на капацитетите во Агенцијата за катастар на недвижности со цел развој на Агенцијата во ефикасна институција ориентирана кон давање услуги преку спроведување на интегриран финансиски менаџмент, управување со човечките ресурси и систем за следење, анализа и известување вклучувајќи и обезбедување на потребниот софтвер, прилагодување на софтверот, компјутерска опрема, миграција на податоците, обука и сл.

Со оваа компонента ќе се обезбеди и поддршка на кампањи за известување на јавноста и за спроведување истражувања на корисниците/пазарот и други придружни активности потребни за поддршка на институционалниот развој и за подобрување на извршувањето на јавните услуги .

Дел В: Развој на земјишни политики

Со оваа компонента ќе се обезбеди поддршка на развојот на капацитетите на институциите да развиваат конкретни земјишни политики и политики за недвижностите за целосно функционирање на пазарите на земјиште и на недвижности, вклучувајќи и поддршка на развојот на политиките и стратегија за националната инфраструктура за просторни податоци.

Дел Г: Управување со проектот

Оваа компонента е наменета за поддршка на единицата за управување со проектот формирана при Агенцијата за катастар на недвижности која ќе и дава поддршка и на Управата за имотно правни работи при Министерството за финансии во однос на активностите поврзани со финансиското работење и известување, процедурите за спроведување на набавки, и други активности неопходни за секојдневно извршување на обврските на двете институции.

Дел Д: Дигитална катастарска карта и веб-ГИС

Оваа компонента ќе обезбеди поддршка за дигитализација и векторизација на постојните карти и за потребната контрола на квалитетот, развој на платформа за споделување и размена на податоците со јавноста, приватниот сектор и со други владини институции, како и поддршка за надградување на геодетската референтна инфраструктура на Агенцијата за катастар на недвижности.

Имплементатор на компонентите Б, В, Г и Д ќе биде Агенцијата за катастар на недвижности.

Дел Ѓ: Поддршка за Управата за имотно-правни работи

Со оваа компонента ќе се обезбеди опрема и вмрежување на Управата и нејзините подрачни одделенија за да се обезбеди подобро извршување на услугите за корисниците. Исто така, ќе се овозможи автоматизација на деловните процеси и дигитализација на постојната евиденција за создавање дигитална архива. Дел од средствата од оваа компонента ќе бидат наменети за реновирање на канцелариите на Управата за да се подобрат деловите за прием на корисниците. Имплементатор на оваа компонента ќе биде Управата за имотно правни работи при Министерството за финансии.

Датумот на завршување на проектот е 31 декември 2013 година.

На 11 мај 2010 година, Бордот на Извршни Директори на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка го одобри дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација.

Услови за ефективност на заемот, односно стапување во сила на Договорот за заем се:

1. Оперативниот прирачник за проектот да е формално и суштински ревидиран на начин задоволителен за Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и усвоен од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и од Министерството за финансии, во име на Управата за имотно-правни работи .

2. Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии, во име на Управата за имотно-правни работи, да отпочнат активности задоволителни за Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка, со цел постигнување на согласност околу обврските на двете институции во имплементацијата на проектот, како и взаемната комуникација и координација во поглед на единицата за управување со проектот.

3. Министерот за правда на Република Македонија, по потпишувањето на Договорот за заем, да потпише Правно мислење за проектот со кое ќе се потврди дека Договорот за заем е правно обврзувачки за нашата земја. Потпишаното Правно мислење последователно Министерството за финансии ќе го достави до Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Закон за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08).

2. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на овој заем е да се создаде ефикасен и ефективен систем за катастар на недвижности, допринесувајќи кон развојот на ефикасни пазари на земјиште и недвижности.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација.

Оттука, Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација, во износ од 9 милиони ЕВРА.

3. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на проектот финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка изнесува 9 милиони ЕВРА.

Заемот ќе биде доделен на Република Македонија под следните услови: рок на отплата

25 години со вклучен грејс период од 8 години и шестмесечен ЛИБОР (за евро валута) каматна стапка со варијабилен распон, како и подеднакви износи на отплата кои ќе се плаќаат двапати во годината, почнувајќи од 15-ти септември 2018 година, заклучно со 15-ти март 2035 година. Заемот ќе се отплаќа семестрално, секој 15-ти март и 15 -ти септември во годината.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка, Република Македонија како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој еднократна провизија - трошок во износ од 25 процентни поени односно 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија за Проектот изнесува 22.500 ЕВРА и ќе биде платена еднократно од средствата на заемот.

## 4. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој предлог на закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 9.000.000 ЕВРА, наменет за реализација на дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 25 години, со вклучен грејс период од 8 години.

Каматната стапка е шестмесечен ЛИБОР со варијабилен распон (за евро валута).

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 %од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 34 полугодишни рати, на секој 15-ти март и 15-ти септември во годината. Од 15-ти септември 2018 година до 15-ти септември 2034 година ќе се отплатат 33 полугодишни рати секоја во износ од 2.94 %од износот на заемот, додека на 15-ти март 2035 година ќе се отплати последната рата во износ од 2.98%од износот на заемот.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Средствата предвидени за реализација на овој проект изнесуваат 9.000.000 ЕВРА, кои ќе бидат финансирани со заем од страна на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Со реализација на овој проект ќе се подобри доставата на јавните услуги во секторот на катастарот на недвижности и регистрација на права кој директно влијае врз економскиот развој преку пазарот на недвижности. Со обезбедување на податоци во дигитална форма за подрачните одделенија на Агенцијата за катастар на недвижности и поврзувајќи ги истите со алфа-нумеричките податоци во регистарот, Агенцијата за катастар на недвижности значително ќе ја забрза доставата на услугите, а со ставање на овие податоци на интернет ќе се зголеми и транспарентноста. Исто така, со поддршка на Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии ќе се изврши подобрување на условите за работа на подрачните одделенија на Управата како и автоматизација на деловните процеси и дигитализација на постојната евиденција за создавање дигитална архива, се со цел да се обезбеди подобро извршување на услугите за корисниците.

Со овој проект ќе се изгради ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување, со што ќе се придонесе за развојот на ефикасни пазари на земјиште и недвижности на територијата на Република Македонија.

Иако со тековниот Проект за катастар на недвижности и регистрација, Агенцијата за катастар на недвижности го изгради својот капацитет за информатичка технологија и за испорака на услуги, со новиот проект ќе се овозможи понатамошно подобрување на запишувањето на правата и другите катастарски услуги преку надградба во дигитална форма на националните бази на податоци на Агенцијата во смисла на точност, целосност и пристапност. Исто така ќе се обезбеди и поддршка на Управата за имотно-правни работи за да ја заврши приватизацијата на урбаното земјиште и подобрување на својот капацитет за справување со државниот имот, со што ќе придонесе кон подобрување на пристапноста на земјиштето за инвеститорите и деловното опкружување на земјата.

Придобивките од имплементацијата на проектот се целосна покриеност на целата територија на земјата со основни просторни податоци и алатки за споделување и размена на податоци, кои вклучуваат подобра сигурност на сопственоста базирана врз целосни и ажурирани дигитални податоци и информации за сопственост и локација. Таквите дигитални податоци може да се споделуваат и да се користат од страна на општините и други владини институции за просторно и урбано планирање како и за

потребите на животната средина и други потреби за следење. Севкупно, главната предност од слободно достапни просторни податоци кои ги користат различните владини и други субјекти, е дека на тој начин може да се обезбедат поефикасни и транспарентни услуги за населението, инвеститорите и другите субјекти.

Започнувајќи од денот на првото повлекување на средства од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка еднократен надоместок (Front-end fee), во износ од 0,25% од износот на заемот, односно 22.500 ЕВРА.

Рокот на отплата на заемот изнесува 25 години, со вклучен грејс период од 8 години. Отплата на заемот ќе се врши на секој 15-ти март и 15-ти септември, почнувајќи од 15-ти септември 2018 година, заклучно со 15-ти март 2035 година.

Каматната стапка по која ќе се отплаќа заемот е шестмесечен ЛИБОР зголемен за варијабилен распон. Дополнително, постои можност и за фиксно утврдување на каматната стапка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Услов за стапување во сила на Договорот за заем за Проектот се:

1. Оперативниот прирачник за проектот да е формално и суштински ревидиран на начин задоволителен за Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и усвоен од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и од Министерството за финансии, во име на Управата за имотно-правни работи.

2. Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии, во име на Управата за имотно-правни работи, да отпочнат активности задоволителни за Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка, со цел постигнување на согласност околу обврските на двете институции во имплементацијата на проектот, како и взаемната комуникација и координација во поглед на единицата за управување со проектот.

3. Министерот за правда на Република Македонија, по потпишувањето на Договорот за заем, да потпише Правно мислење за проектот со кое ќе се потврди дека Договорот за заем е правно обврзувачки за нашата земја. Потпишаното Правно мислење последователно Министерството за финансии ќе го достави до Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

Рокот за стапување во сила на Договорот за заем е деведесет (90) дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| Назив на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот: Обезбедување на средства за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација | 4. Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација | |
| 5. Контакт лице и звање: Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva @finance.gov.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Активност | | | |
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (**X**) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. Цел на барањето/ предложената активност: Целта на овој заем е да се создаде ефикасен и ефективен систем за катастар на недвижности, допринесувајќи кон развојот на ефикасни пазари на земјиште и недвижности. | | | | |
| 10. Врска со владината програма: | | | | |
| 11. Фискални импликации | (денари)<br>2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D) | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br><br>Заем од Светската банка | 38.165 | 183.930 | 122.620 | 207.074 |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Светската банка одобри заем во износ од 9.000.000 ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договор за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација. | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |

| | |
|---|---|
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството - предлага: | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | |
| 22.Одобрен/ дата:<br><br>____________________ /05/2010 ________________ /05/2010<br>Потпис на државен секретар или директор на орган — Ден / месец / год. — Потпис на Министерот — Ден/ месец / год. | |

изработил: Наташа Лазаровска
согласен: Кристина Павловска
одобрил: Сузана Пенева